# ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**
**(Предмет на законот)**

Со овој закон се уредува финансиската поддршка во рибарството и аквакултурата во рамките на структурната политика, посебните и вонредните мерки, системот за управување и контрола за спроведување на структурната политика, системот за државна помош во рибарството и аквакултурата, како и други значајни прашања од областа на финансиската поддршка во рибарството и аквакултурата.

**Член 2**
***Поими***

(1) За целите на овој закон одделни поими го имаат следново значење:

а) Рибарство и аквакултура е област која ги опфаќа сите дејности на производство, преработка и ставање во промет на производи од рибарство и аквакултура согласно одредбите на Законот за рибарство и аквакултура;

б) структурна политика се низа активности и мерки за спроведување на приоритетите во областа;

в) Проект е секој проект, договор, активност или група проекти одобрени според овој закон;

г) Приоритет на структурната политика е група на конкретни цели за постигнување на општите цели на структурната политика во рибарството и аквакултурата;

д) Корисник е физичко или правно лице, јавен орган и единица на локална самоуправа што е прималел на помошта во смисла на овој закон;

ѓ) Финансиска поддршка е секоја финансиска поддршка од буџетот на Република Северна Македонија, буџетот на локалната власт или од друга домашна или меѓународна јавна поддршка ;

е) Одржлива сина економија се сите секторски и меѓусекторски економски активности низ внатрешниот пазар, вклучувајќи ги активностите на секторите во развој и непазарните стоки и услуги, насочени кон обезбедување еколошка, социјална и економска одржливост на долг рок.

з) Вонредни настани се земјотреси, лизгање на земјиштето, поплави, невреме, мраз, град, врнежи од дожд, шумски пожари од природно потекло или силни суши што не се сметаат за природна катастрофа прогласена од надлежниот орган.

(2) Другите поими наведени во овој закон го имаат истото значење како оние употребени во Законот за рибарство и аквакултура.

## II. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА

**Член 3**
***(финансиска поддршка)***

(1) Финансиска поодршка во рибарството и аквакултурата претставува доделување на финансиски средства за остварување на целите во рибарството и аквакултурата.
(2) Финансиска поодршка од став 1 на овој член е наменета за:
- постигнување на целите на структурната политика во рибарството и аквакултурата од член 4 на овој закон;
- реализација на посебните и вонредните мерки од член 8 на овој закон и
- државна помош во рибарството и аквакултурата од член 9 на овој закон.

**Член 4**
***(Цели и приоритети на структурната политика во рибарството и аквакултурата)***

(1) Целите на структурната политика во рибарството и аквакултурата треба да придонесат за постигнување на целите утврдени во член 3 од Законот за рибарство и аквакултура.

(2) Приоритетите за постигнување на целите на структурната политика во рибарството и аквакултурата се:

а) Поттикнување одржлив риболов и обновување и заштита на водните биолошки ресурси преку:

- зајакнување на економски, социјално и еколошки одржлив риболов;

- зголемување на енергетската ефикасност и намалување на емисиите на $CO_2$ преку замена или модернизација на моторите на риболовните пловни објекти;

- придонесување за соодветен животен стандард во случај на привремен прекин на риболовот;

- ефикасна контрола и надзор, борба против незаконски, непријавен и нерегулиран (ННН) риболов како и обезбедување веродостојни податоци за донесување одлуки засновани на знаење

- придонесување за заштита и обновување на водниот биодиверзитет и екосистемите.

б) Поттикнување одржливи активности во аквакултурата, преработката и прометот на производи од рибарство и аквакултура, за обезбедување на доволни количини храна,  преку промовирање на: одржливи активности во аквакултурата за зајакнување на конкурентноста на производството во аквакултура осигурувајќи долгорочна еколошка одржливост

- промет, квалитетот и додадената вредност на производите од рибарство и аквакултура, како и на преработката на тие производи.

в) Овозможување одржлива сина економија и поттикнување на одржливиот развој на заедниците што се занимаваат со риболов и аквакултура.

**Член 5**
***(Систем за управување и контрола на спроведувањето на повеќегодишната програма)***

(1) Управување и контрола на спроведувањето на повеќегодишната програма (во понатамошниот текст (органи за спроведување) се:

- органот за управување, како тело задолжено за управување и надзор на спроведувањето на програмата;
- органот за сертификација, како тело задолжено за сметководствените работи во спроведувањето на програмата и
- органот за ревизија, како тело задолжено за ревизија на спроведувањето на програмата.

(2) Органите за спроведување од став 1 на овој член можат да делегираат дел од функциите или сите функции во своја надлежност на едно или повеќе посреднички тела, притоа задржувајќи ја целосната одговорност за функциите што им се делегирани на посреднички тела.

(3) Посредничките тела од став 2 на овој член се одговорни пред органите за спроведување при вршењето на делегираните функции.

(4) Органите за спроведување и нивните меѓусебни односи, функции и надлежности се утврдуваат со одлука (или друг акт) на Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството.

**Член 6**
***(Повеќегодишна програма за рибарство и аквакултура)***

(1) **За** постигнување на целите и приоритетите од член 3 на овој закон во согласност со повеќегодишниот национален стратешки план од член 52 од Законот за рибарство и аквакултура се донесува повеќегодишна програма за рибарство и аквакултура (во натамошниот текст: повеќегодишна програма).

(2) Во повеќегодишна програма се уредува користењето на средствата за финансирање на мерките на структурната политика во рибарството и аквакултурата

- Повеќегодишната програма од став 1 на овој член особено содржи: резиме на главните предизвици за оствaрување на целите и приоритетите;
- анализа на состојбата во однос на силните страни, слабостите, можностите и заканите како и утврдување на потребите што треба да се задоволат;
- главни целни групи за финансирање во рамките на програмата;
- мерки за реализација на целите;
- образложение за избраните приоритети и конкретни цели од членот 3 на овој закон, мерките на структурната политика од членот 6 на овој закон што се избрани за остварување на приоритетите и конкретните цели и нивната усогласеност со повеќегодишниот национален стратешки план од член 52 од Законот за рибарство и аквакултура; овој закон
- финансиски план за спроведување на програмата, вклучително и за секој избран приоритет и конкретна цел;

- опис на преземените активностите за вклучување на засегнатите страни во изготвувањето, спроведувањето и следењето на програмата и
- информации за органите за спроведување од член 6 став 1 на овој закон.

(3) Повеќегодишната програма може да се дополнува и/или да се изменува поради промени на повеќегодишниот национален стратешки план од член 52 од овој закон или доколку е неопходно.

(4) Повеќегодишната програма ја донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст: Министерството).

(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст: министерот) донесува правилник за спроведување на мерките на структурната политика во рибарството во аквакултурата во рамките на повеќегодишната програма.

**Член 7**
***(Годишна програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата)***

(1) Мерките на структурната политика предвидени во повеќегодишната програма, нивното спроведување, износот на средства и финансиската поддршка се утврдуваат во годишната програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата (во понатамошниот текст: годишна програма).

(2) Годишната програма може да се дополни и/или да се измени по потреба.

(3) Годишната програма ја донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството.

**Член 8**
***(Посебни и вонредни мерки за поддршка)***

(1) Посебните мерки за поддршка (во понатамошниот текст: посебна поддршка) опфаќаат надоместување за штета врз риби и други водни организми на вршителите на аквакултура, ако штетата е предизвикана од:
- природна непогода и/или
- ненадејна промена на водостојот што не се предизвикани од природни непогоди од алинеја 1 на овој став или од настаните од ставот 5 на овој член.

(2) Посебната поддршка од став алинеја 1на овој член може да се додели доколку:
- Надлежен орган официјално го прогласил предметниот настан за природна непогода според посебни прописи и
- постои директна причинско-последична врска помеѓу природната непогода и штетата што ја претрпел вршителот на аквакултура.

(3) Посебната поддршка од став 1 алинеја 2 на овој член може да се додели доколку:
- научната и/или образовната институција од член 77 од Законот за рибарство и аквакултура утврди дека постои директна причинско-последична врска помеѓу

ненадејната промена на водостојот и штетата што ја претрпел вршителот на аквакултура и

- ненадејната промена на водостојот не е последица на постапка или пропуст на вршителот на аквакултура, односно вршителот на аквакултура не е одговорен за тоа.

(4) Во случај на штети на риби и други водни организми предизвикани од вонредни настани што се поврзани со неповолен настан кој може да се изедначи со природна непогода, а не е прогласен за природна непогода од надлежниот орган, на вршителите на рибарство и аквакултура може да се им се додели вонредна поддршка под услови утврдени во став 3 од овој член .

(5) Вонредната поддршка од став 4 на овој член може да се додели доколку:

- научна институција од член 77 од Законот за рибарство и аквакултура утврди дека постои директна причинско-последична врска помеѓу вонредниот настан и штетата што ја претрпел вршителот на рибарство и аквакултура и
- вонредниот настан не е резултат на пропуст од страна на вршителот на рибарство и аквакултура или на друго лице, т.е. може да се документира дека вршителот на рибарство и аквакултура или друго лице не е одговорно за штетата.

(6) Посебната и вонредната поддршка од овој член се доделува за надоместување за изгубениот приход и/или дополнителните трошоци што настанале како резултат на настаните од ставовите 1 и 4 на овој член.

(7) Финансиските средства за спроведување на посебните и вонредните мерки за поддршка се испалаќаат како мерка од програмата од член 6 на овој закон.

(8) Мерките за посебна и вонредна поддршка не можат да се финансираат преку друг вид на финансиска поддршка.

(9) Министерот донесува правилник за спроведување на посебните и вонредните мерки за поддршка од овој член.

**Член 9**

***(Финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата на локално ниво)***

(1) Единиците на локалната самоуправа во рамките на своите програми, можат да доделуваат финансиска поддршка во согласност со одредбите на овој закон и правилникот од член 6 став (6) и член 8 став (9) на овој закон, по предходно добиено решение за одобрување од Министерството.

(2) За добивање на решението од став 1 на овој член единицата на локална самоуправа поднесува барање за одобрување Министерството преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги, согласно прописите од обласпа на електронското управување и електронските услуги.

(3) По исклучок на став 2 од овој член, во случај кога е оневозможено поднесување на барање со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги, барањето може да се достави писмено.

(4) Против решението од став (1) на овој член може да се изјави тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Единиците на локалната самоуправа не можат да финансираат мерки врз основа на цена, количество, единица производство и/или единица средства за производство.

(6) Единиците на локалната самоуправа мораат да побараат претходно одобрение од Министерството за мерките во своите програми за поддршка во рибарството и аквакултурата.

(7) Во согласност со условите утврдени во овој закон и во прописите донесени врз основа на него, Министерството донесува решение (или друг акт) со кое се одобруваат мерките или решение (или друг акт) со кое се одбива барањето.

(8) Единиците на локалната самоуправа за исплатените финансиски средства доставуваат извештај најдоцна до 31 јануари во наредната за предходната година.

## III. ДРЖАВНА ПОМОШ ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА

### Член 10
***(Државна помош во рибарството и аквакултурата)***

(1) Државна помош во рибарството и аквакултурата е секоја помош доделена во рибарството и аквакултура од органот што доделува државна помош од ставот 2 на овој член во каква било форма што ја нарушува или се заканува да ја наруши конкуренцијата со фаворизирање на одредени претпријатија или производство на производи од рибарство и аквакултура и нивни преработки.

(2) Државната помош во рибарството и аквакултурата од став 1 на овој член ја доделува Владата на Република Северна Македонија преку органите на државната управа и единиците на локална самоуправа.

### Член 11
***(Систем за државна помош во рибарството и аквакултурата)***

(1) Надлежен орган за воспоставување и спроведување на системот за државна помош во рибарството и аквакултурата од членот 8 на овој закон е Министерството.

(2) Министерот донесува правилник за воспоставување и спроведување на системот на државна помош во рибарството и аквакултурата.

## IV. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 12

**(*општи одредби*)**

(1) Корисникот не смее да дава неточни информации за остварување на правата од овој закон и прописите донесени врз основа на него.

(2) Корисникот не смее да финансира трошоци финансирани преку мерки за поддршка според овој закон преку која било друга форма на финансиска поддршка.

(3) Корисникот е должен да ги врати средствата што ги добил врз основа на неточни податоци и/или спротивно на одредбите и условите од овој закон и од прописите донесени врз основа на него, како и во случај на утврдена административна грешка врз основа на решение за поврат на средства.

(4) Ако корисникот не ги врати средствата од ставот 2 на овој член, се пресметува законска затезна камата по рок од 15 дена од правосилноста на решението за поврат на средства.

(5) Против решението од став (3) на овој член може да се изјави тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(6) Корисникот што не ги вратил средствата од ставовите 3 и 4 на овој член, нема право на исплата на финансиската поддршка од овој закон до подмирување на настанатите финансиски обврски.

(7) Предметот на поддршката добиена преку мерки на структурната политика според одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него не може да се продаде, да се даде под закуп или да се стави на располагање за каква било друга употреба на други правни или физички лица пет години од последната исплата на добиени средства.

(8) По исклучок од одредбите од ставот 7 на овој член, корисникот може да ги изврши овие дејствија поради непредвидени околности или виша сила по претходно одобрение на органот за управување.

(9) За добивање на одобрението од ставот 8 на овој член, корисникот поднесува барање во согласност со правилникот од член 6 став (6) на овој закон.

(10) Дополнителни обврски за поединечни мерки на структурната политика и мерки за посебна и вонредна поддршка можат да се утврдат во правилникот од член 6 став (6) и член 8 став (9) од овој закон, доколку е применливо.

(11) Одредбите на овој член соодветно се применуваат и на помошта од членот 10 на овој закон.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 13

(1) Повеќегодишната програма од член 6 став (1) се донесува во рок од 12 месеци од стапувањето во сила на овој закон.

(2) Правилниците од член 6 став (5) и член 8 став (9) се донесуваат во рок од 6 месеци од донесувањето на повеќегодишната програма од член 6 став (4).

(3) Одлуката/другиот акт од член 5 став (4) се донесува во рок од 12 месеци од донесувањето на повеќегодишната програма од член 6 став (4).

(4) Правилникот од член 11 став (2) се донесува во рок од 6 месеци од стапувањето во сила на членовите (10) и (11) од овој закон.

Член 14

До стапувањето во сила на одлуката/другиот акт од член 5 став (4), Министерството постапува како орган за управување според член 5 став (1) алинеја 1, а Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој постапува како посредничко тело на органот за управување, како што е уредено во член 5 став (2).

Член 15

Постапките за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата што се започнати според Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95 /12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18 и 150/21) ќе се завршат според одредбите од тој закон.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, освен членовите 8 и 9, кои влегуваат во сила на денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.